

Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на одделот Мрежен инженеринг  во група Планирање на Мрежа бараме:

# ИНЖЕНЕР ЗА МРЕЖА (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Планирање и развој на мрежа за 20kV електрани
- Планирање на приклучоци и изготвување на документација за приклучок на нови корисници на електродистрибутивна мрежа
- Развој на план за мрежно одржување
- Изготвување на концепти, краткорочни и среднорочни планови за развој на електродистрибутивна мрежа
- Одговорност за спроведување на одредбите во поглед на планирањето, создавањето и искористувањето на електраните
- Архивирање на техничката документација, внатрешна супервизија и надворешни соработници.

**Потребни компетенции:**

- Завршен Електротехнички факултет – Енергетска насока
- Возачка дозвола Б категорија
- Познавање на Англиски јазик (пишан и говорен)
- Познавање и користење на MS Office
- Одговорност, прецизност и доверливост
- Способност за самостојна работа и работа во тим
- Проактивност, иницијативност, аналитичност

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 04.11.2025.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк  https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува
encourage охрабрува
enable овозможува